**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди
Број 14.4 - 33 /1
27.01.2026 година
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ
## за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2025 година

Согласно утврдените надлежности во член 58 од Законот за внатрешни работи (Сл. весник на РСМ бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 5/2016, 120/2016, 127/2016, 142/2016, 190/2016, 21/2018, 198/19, 275/19, 110/21, 89/22), Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е внатрешен контролен механизам во Министерството за внатрешни работи. Одделот постапува при утврдување на појави на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на полициските службеници во вршење на полициските работи, на овластените службени лица во вршењето на посебните должности и овластувања и во постапувањето на останатите работници во Министерството за внатрешни работи.

Во текот на 2025 година Одделот постапуваше по предмети оформени врз основа на добиени претставки од физички лица, вработени, здруженија на граѓани, правни лица, анонимни поднесоци, известувања добиени од организациски единици во Министерството, сопствени сознанија, телеграми или на друг начин оформени предмети. Воедно, изврши проверки по барања од Народниот правобранител, јавните обвинителства, невладини организации и други субјекти.

Во текот на изминатата година, согласно делокругот на надлежностите, Одделот работеше на преземање на низа мерки и активности за спречување на непрофесионалното, незаконито и неетичко постапување на вработените во Министерството за внатрешни работи од превентивен и репресивен аспект. Преку бројните активности го продолжи трендот на зголемување на својата ефикасност и ефективност во работата и остварување на стратешките приоритети на Министерството за внатрешни работи.

Одделот продолжи да биде максимално транспарентен и отворен за граѓаните, објавувајќи ги своите активности, Антикорупциската програма, периодичните извештаи и други информации од интерес за јавноста, на веб страницата на Министерството за внатрешни работи.

Заради продлабочување на меѓународната и регионална соработката и зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето од страна на Одделот во изминатата година остварено е учество на повеќе студиски посети, меѓународни конференции и регионални форуми.

Во делот на континуираното стручно усовршување и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството, од страна на Одделот, тековно се одржуваа работилници на кои се презентира Програмата за јакнење на полицискиот интегритет, како и други планирани обуки и работилиници во земјата и странство. Посебен акцент оваа година е ставен на развивање на Планот за интегритет за сите вработени во Министерството, усогласен со стратегиите на Владата за борба против корупцијата и зајакнување на интегритетот и професионалноста во државните институции.

Во насока на овозможување на фер и демократски Локални избори 2025, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, согласно надлежностите презема мерки и активности за законито, професионално и етичко извршување на службените задачи на припадниците на Министерството, со што придонесе за минимизирање на незаконито или непрофесионално постапување од страна на полициските службеници ангажирани за обезбедување на изборите.

Во соработка со Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, Одделот како организациска единица во Министерството која го применува стандардот МКС EN ISO 9001:2015, со опсег на сертификација внатрешна контрола, криминалистички истраги, професионално работење, превенција и интегритет, работа по претставки, истраги и професионални стандарди и во текот на оваа година продолжи да ги исполнува барањата на стандардот, согласно воспоставените процедури. По извршена надзорна проверка на сертификационото тело АМ ЦЕРТ - Скопје, во извештајот од аудитот, во делот позитивни аспекти и добра пракса, за Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди утврдено е значително подобрување на работните услови и комплетност на човечките ресурси.

## Статистички показатели за работата на Одделот

Во текот на 2025 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, презеде мерки и активности за **1484** (1366)[1] случаи на посочено незаконско, непрофесионално и неетичко постапување, пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, што претставува зголемување за 8,6 % во однос на минатата година.

Во 2025 година во Одделот се примени **1248** (969) **писмени претставки од граѓани**, што е зголемување на примените писмени претставки за 28,8% споредено со истиот период минатата година. Во однос на примените **записници за усно поднесени претставки – 279** (190), забележано е зголемување за 46,8%. За 12% е зголемен бројот на примени **анонимни поднесоци - 251** (224).

Писмени реакции во вид на претставки, жалби и поплаки против работата на вработените во Министерството за внатрешни работи се добивани и преку невладини организации, вкупно - **пет** (четири) преку Хелсиншкиот комитет за човекови права.

Оваа година добиени се речиси ист број на претставки од **Народниот правобранител** - **31** (33). Зголемување за 38 % е забележано кај поднесоците добиени од **адвокати како полномошници на граѓаните** - **109** (79) како и намалување за 62,5% кај добиените **претставки од правни лица - 18** (48).

Во одредени предмети, за покарактеристични случаи, истовремено или последователно се добивани поднесоци од повеќе субјекти (граѓани, невладини организации, или народен правобранител).

Покрај добиените претставки, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше врз основа на сопствени податоци и сознанија, по добиени известувања, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени и **582** (396) **службени материјали (службени белешки, информации, телеграми) од организациските единици во МВР** во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од вработени во МВР.

Од **1484** (1366) случаи за кои се извршени проверки, **948** (970) **или 63.9 % се предмети во кои е постапувано врз основа на добиени претставки од граѓани, здруженија на граѓани или правни лица** во кои се посочуваат неправилности извршени од страна на вработени во МВР. Останатите **536** (396) случаи или **36,1%** се проверки вршени по основ на добиени известувања, сопствени сознанија и слично. По земањето во работа на претставките и извршената анализа, може де се констатира дека во **391** (519) случај наводите изнесени во нив се **неосновани**, во **131** (118) случај **се основани**, за **306** (221) предмети **нема доволно докази** за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, **114** (109) се **делумно основани**, а **шест** (три) **претставки се**

---

1 *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*

**решени на друг начин** (нема надлежност за постапување и веќе е постапено по претставката).

Од предметите по кои е постапено, во сите случаи каде се утврдени одредени неправилности во работењето на вработените на Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи, Колективниот договор на Министерството и подзаконските акти, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како овластен предлагач поднесе предлог за **поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност** против **787** (673) вработени. За **158** (128) **вработени** е изречена мерка **укажување, а на 20** (40) **вработени** за причинета штета на Министерството им е изречена мерка поведување на постапка за **надомест на штета-материјална одговорност. За 76** (69) **вработени е изречена задолжителна мерка оддалечување односно суспендирање од работно место до завршување на дисциплинската постапката, 86** (46) **се упатени на психолошко-психијатирски преглед и од 90** (41) **вработени е одземено службеното оружје.**

Во 2025 година, претставници од Одделот учествуваа во работата на Одделот за дисциплински и судски постапки во својство на овластен предлагач во постапки за утврдување на дисциплинска одговорност на вработени во Министерството на **530** (573) расправи.

Во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на овластените службени лица кои имаат обележја на кривично дело од страна на Одделот се поднесени **69** (37) **кривични пријави** против **147** (90) **вработени и 18 поранешни вработени** во Министерството, **еден** адвокат и **три** физички лица за сторени **74** (42) кривични дела, од кои за **16** сторени кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување", **13** сторени кривични дела „Несовесно работење во службата", **осум** сторени кривични дела „Попречување на правдата", **четири** сторени кривични дела „Загрозување на сигурноста", **по три** сторени кривични дела „Тешки дела против општата сигурност" вв со „Предизвикување општа опасност", „Оддавање службена тајна", „Малтретирање во вршење на службата", **по две** сторени кривични дела „Предизвикување омраза, раздор, или нетрпеливост врз национална, расна, врска и друга дискриминаторска основа", „Предизвикување на општа опасност", „Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи", „Напад на службено лице при вршење на работи на безбедност" и по **едно** сторено кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори", „Нарушување на неповредливоста на домот", „Неизвршување на судска одлука", „Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас", „Безобзирно управување со моторно возило", „Затајување", „Фалсификување исправа", „Спречување на докажување", „Примање поткуп", „Проневера во служба", „Лажно пријавување на кривично дело", „Давање поткуп", „Оштетување и неовластено влегување во

компјутерски систем“, „Спречување службено лице во вршење службено дејствие“, „Измама“ и „Тешка кражба“ вв „Соизвршителство“.

Покрај ова, во текот на годината, изготвени се и доставени **476** (287) **Известувања** до Основните јавни обвинителства во Р.С.Македонија, од кои **177** (81) **се за известување** на надлежниот јавен обвинител за негово запознавање и постапување, а **299** (206) **Известувања се изготвени по барање на ОЈО**.

**Од нив,** 415 (256) **известувања се до ОЈОГОКК Специјализираното одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластување и припадници на затворската полиција, а 61** (31) до останатите Основни јавни обвинителства.

Изминатата 2025 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапи по **57** (56) **поднесоци** во кои е наведено дека од страна на полициски службеници **е употребена физичка сила врз граѓани.** По преземените мерки и испитувањето на случаите, утврдено е дека **14** (16) **поднесоци се неосновани,** односно употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена, во **38** (36) **случаи** поради немање на докази **не може да се утврдат наводите во претставката** за употребена физичка сила, **еден** поднесок е во тек, додека **четири** (четири) **претставки се основани** за што се поднесени две кривични пријави за сторено кривично дело „Малтретирање во вршење на служба“, едно известување до ОЈОГОКК - Специјализираното одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластување и припадници на затворската полиција и за една претставка известен е јавен обвинител од ОЈО ГОКК.

Одделот, во сите случаи за кои е известен дека вработени во Министерството постапувале незаконски или непрофесионално кон граѓаните, без исклучок постапува и професионално ги врши проверките во претставките, без селективен пристап, со еднаков третман кон граѓаните, а по извршените проверки навремено се доставуваат одговори до подносителите на претставките.

Во 2025 година Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди излезе на лице место на **47** (68) случени сообраќајни незгоди, во кои учествувале вработени во Министерството и управувале возила сопственост на Министерството. За случаите каде е констатирано дека при управување на службените возила вработените во Министерството не ги почитувале законските прописи, при што е настаната материјална штета на возилата сопственост на Министерството, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до непосредните раководители изрече задолжителни мерки да бидат поведени **14** (38) постапки за утврдување на **материјална одговорност.**

**Спроведени контроли од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во организациски единици на Министерството**

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2025 година изврши контрола на работењето на **89 (87)** организациските единици на Министерството и тоа во: СВР Куманово (ПС ОН Крива Паланка, 2 ПС ОН Куманово, ПС ОН Кратово), СВР Скопје (ПС ОН Аеродром, 2 ПС ОН Кисела вода, ПС ОН Карпош, 3 ПС ОН Ѓорче Петров, ПС ОН Драчево, ПС ОН Центар, 2 ПС ОН Бит Пазар, ПС ОН Гази Баба), СВР Велес (2 ПС ОН Велес, ПС ОН Кавадарци, ПС ОН Неготино), СВР Охрид (2 ПС ОН Дебар, ПО за БПС Дебар, ПО за БПС Кичево, ПС ОН Охрид, 3 ПС ОН Кичево, ПС ОН Ресен, ПС ОН Струга), СВР Битола (2 ПС ОН Македонски Брод, ПС ОН Демир Хисар,2 ПС ОН Битола, 3 ПС ОН Прилеп) СВР Тетово (3 ПС ОН Гостивар, 3 ПС ОН Тетово), СВР Штип (ПС ОН Берово, ПС ОН Делчево, 2 ПС ОН Штип, ПС ОН Свети Николе, 2ПС ОН Виница, 2 ПС ОН Кочани, ПС ОН Пробиштип), СВР Струмица (ПС ОН Валандово, ПС ОН Гевгелија, ПС ОН Струмица, ПС ОН Радовиш), РЦ за ГР Запад (ПС за ГП Ќафасан, ПС за ГП Свети Апостол Павле, ДОЦ, ПС за ГП и ГН Блато), РЦ за ГР Север ( ПС за ГП Табановце, ПС за ГП Танушевци, ДОЦ), РЦ за ГР Југ (ДОЦ), Оддел за општи и заеднички работи и Одделението за јавни набавки во Одделот, Оддел за прекршоци (Одделение за прекршоци Скопје, Гостивар, Охрид, Струмица, Битола, Кавадарци и Куманово) Оддел за граѓански работи (2 Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Охрид, Штип, Велес, Куманово, Струга, Тетово, Битола, Кавадарци, Скопје, Гевгелија, Прилеп, Отсек за управни работи Тетово и Одделение за управни работи Скопје).

Контролите се однесуваа на контрола на почитување на работното време, редовното работење и почитување на правилата и прописите кои важат во Министерството, контрола на службени евиденции, користењето на службените возила, почитување на наредбите за вршење на служба, постапување по оперативни акции, поседување на безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации, почитување на член 168 од Закон за внатрешни работи во делот кој се однесува на службените простории и моторни возила, исполнување на стандардите на просториите за задржување на лица во полициските станици, одвивање на работниот процес во постапката за издавање на лични документи и алкотестирање на работниците во Министерството.

За **18** од горенаведените организациски единици во Министерството, Одделот изврши контрола врз основа на Акцискиот план за имплементација на Планот за интегритет на Министерството за внатрешни работи 2023-2025.

Во рамки на спроведените контроли констатирани се неправилности во работењето кај **81** (60) вработен за што од страна на Одделот поднесени се **53** (56)

предлози за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и за 28 (четворица) е изречена мерка писмено укажување.

## Меѓународна соработка и соработка со сродни служби од други држави

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како надлежена организациска единица да констатира, превенира и санкционира случаи на корупција и коруптивно постапување на вработени во Министерството и полицијата, посебно внимание посветува на меѓународната соработката и соработка со сродните служби од регионот и пошироко во насока на размена на искуства и добри практики со цел сузбивање на корупцијата во сопствените редови.

Преземање активности во борбата против корупцијата по пат на организирање на заеднички координирани акции со специјални методи, размена на информации, заемна помош при имплементација на националните закони и давање препораки за решавање и постигнување на планираните цели во борбата против корупцијата и организираниот криминал се дел од активностите на заедничката соработка.

Од меѓународната и соработката со сродните служби ги издвојуваме следните активности на Одделот:

Како член на платформата ЕРАС по добиена согласност за аплицирање на проектот Варсе финансиран од страна на Европската Унија и Специјалната истражна служба на Република Литванија, претставници од Одделот учествуваа на средба за размена на најдобри антикорупциски практики што се одржа во Вилнус, Литванија во периодот од 19.02.-21.02.2025 година. На средбата беа разменети искуства и практики на двете земји во справувањето со коруптивните процеси со уверување за продлабочување на соработката помеѓу двете служби заради нејзино развивање и надградување.

Помошник на министерот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во периодот од 11.05.-15.05.2025 година беше дел од делегација на Министерството за внатрешни работи предводена од Министерот за внатрешни работи која учествуваше на Светскиот полициски самит во Дубаи на тема Глобална платформа за безбедносна соработка, технолошките иновации и иднината на полициското работење. Во рамки на посетата делегацијата оствари средби со Министерот за внатрешни работи на Обединетите Арапски Емирати, шефот на Полиција на Дубаи и Претседателот на Интернационалната полициска асоцијација ИПА.

Во рамките на Проектот: „Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан“ кој се спроведува под покровителство на Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка (CIDS), претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални од

13.05.-17.05.2025 година оствариja студиска посета на Внатрешна полициска истражна единица во Осло, Кралство Норвешка, која е предвидена во Годишниот план на активности за 2025 година, во рамките на соработката помеѓу Министерството и CIDS. При студиската посета покрај Внатрешна Полициска Истражна единица посетени беа и други полициски служби на Кралството Норвешка. Целта на студиската посета беше размена на искуства и практики во постапувањето на двете служби во областите од своите надлежности.

На покана на Генералниот инспекторат на безбедносните сили на Република Чешка (ГИБС) претставници на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во периодот од 02.06 - 06.06.2025 година оствариja студиска посета на Генералниот инспекторат на безбедносните сили на Чешка (ГИБС). Целта на студиската посета беше размена на искуства и изнаоѓање механизми за заедничка соработка во делот на внатрешната контрола врз полициското работење и јакнење на професионалните стандарди.

Во период од 29.06.2025-02.07.2025 година претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди беа дел од делегација на Република Северна Македонија која учествуваше на интерактивниот дијалог со Комитетот за човекови права во врска со Четвртиот извештај на Република Северна Македонија по меѓународниот пакт за човекови и политички права, кој се одржа во Женева. На македонската делегација и беше изразена благодарност за нејзината подготвеност и координираност во давање на конкретни одговори на сите прашања покренати во текот на висококвалитетниот и конструктивен дијалог, при што беа дадени позитивни оценки дека земјата постигнала значителен напредок во повеќето области на заштита на човековите права предвидени со Пактот.

Од 02.07.2025 до 04.07.2025 година во Р. Бугарија се одржа работен состанок во рамки на мрежата "NERCISU" на кој присуствуваа Помошник на министерот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди со уште еден претставник од Одделот. На средбите беше оценето дека истите претставуваат солидна основа за размена на искуства и практики на службите за внатрешна контрола насочени кон зајакнување на сопствените капацитетите и борба против криминалот и корупцијата во земјите учесници.

Од 20.09.2025 до 24.09.2025 година во Скопје се одржа 41. Ретренинг сесија на Европскиот огранок на Академијата на ФБИ (ФБИНАА) на која присуствуваа дипломци од Националната академија на ФБИ, претставници од Амбасадата на Соединетите Американски Држави, делегати и претставници од Федералното биро за истраги (ФБИ). Во рамки на сесијата, Помошник на министерот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди одржа состаноци со претставници од Федералното биро за истраги (ФБИ) и претставници на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во РСМ, при што е истакнат особен интерес за меѓусебна официјална соработка во области поврзани со делокругот на

работните процеси во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

На покана од EPAC (Европски партнери за борба против корупција), претставник од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на ден 08.10.2025 година зеде учество на онлине средба на тема „Справување со корупцијата и зајакнување на интегритетот: улогата на органите за надзор на полицијата". На онлине средбата учество зедоа и претставници од Романија, Франција, Северна Ирска и Литванија. Целта на настанот беше овозможување на членовите да разменат искуства и најдобри практики во промовирањето на интегритетот и спречувањето на корупцијата во рамки на полициските институции.

На 15 и 16 октомври 2025 година претставник од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди зеде учество на втората годишна конференција за внатрешни полициски истраги на тема „Влијанието на медиумите, јавното мнение и социјалните мрежи во справувањето со случаите на дисциплински прекршоци/истраги" во организација на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во Косово и Косовската полиција во Приштина, одржана во Приштина, Р.Косово. На конференцијата учество зедоа и претставници од Косово, Белгија, Чешка, Германија, Португалија, Хрватска, Велика Британија, Босна и Херцеговина, Албанија и Црна Гора. Целта на конференцијата беше дискутирање и анализирање на растечкото влијание на медиумите, јавното мнение и социјалните мрежи во процесирање на дисциплинските случаи и внатрешните истраги.

На 21 и 22 октомври 2025 година во хотел Лимак во Скопје се одржа 6-тиот Регионален состанок на Одделите за внатрешна контрола во полицијата, во рамки на проектот „Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан", кој во Министерството за внатрешни работи се спроведува од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка (CIDS). На состанокот учество зедоа Помошникот на министерот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди со уште тројца претставници од Одделот. Состанокот беше отворен од Министерот за внатрешни работи, а на истиот учествуваа и претставници од Р.Косово, Р.Албанија и Р.Црна Гора. На состанокот беа презентирани достигнувањата на Одделите за внатрешна контрола на земјите учеснички во последните шест месеци, како и имплементацијата на мерките и активноститете предвидени во постоечкиот план за активности и планот за активности за следните шест месеци. Особено беше истакната важноста на заедничкиот, регионален пристап во справувањето со заедничките предизвиците и потреби на Одделите за внатрешни контроли на полицијата на регионално ниво.

На 11 и 12 ноември 2025 година во Скопје се одржа 10тата Годишна регионална конференција за безбедносна координација на Западен Балкан во соорганизација на

Советот за регионална соработка, со поддршка од Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Р.Италија и Министерството за внатрешни работи во партнерство со Владата на Република Северна Македонија. Претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваа на состанокот на работната група 2, која се однесуваше на борбата против организираниот криминал и корупцијата. На конференцијата учество зедоа претставници од бројни регионални организации, владини тела и органи, судии, обвинители, како од Република Северна Македонија, така и од соседните земји од Западен Балкан.

Во периодот од 18 до 20 ноември 2025 година претставник на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди зеде учество на конференција на тема човековите права и правата на задржани лица во полициската постапка, која се одржа во Тирана, Албанија. На конференцијата учествуваа и претставници на Министерствата за внатрешни работи на Словенија, Романија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Бугарија, Косово, Албанија и Грција. На конференцијата беше елаборирана законската легислатива која се однесува на почитувањето на човековите права при полициското постапување, потребата од одржување на обуки на вработените за запознавање со човековите права и почитување на истите и начинот на извршување на службени разговори со лицата во својство на осомничен, оштетен или сведок.

На 24 и 25 ноември 2025 година претставник на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди зеде online учество на 24-тата Годишна конференција и Генералното собрание на Европските партнери против корупција (EPAC) и Европската мрежа на контакт - точки против корупција (EACN) организирана во соработка со Eurojust. На настанот во Хаг учествуваа повеќе од 150 учесници кои претставуваа 80 институции од над 30 земји. На конференцијата беше истакнато дека ниедна земја не е имуна на корупција и важноста од раното детектирање на појавите на корупција, стратешкиот пристап кон антикорупциските програми и стратегии, политичката волја, зголемената активност во превенцијата и зголемената активност во создавање на култура на интегритет кај вработените во институциите. За време на настанот беше усвоена Хашката декларација, со која се повикува на посилна институционална независност, засилена соработка и обновени напори за спречување и борба против корупцијата во Европа.

Во периодот од 25 до 27 ноември 2025 година во Будимпешта, Р.Унгарија се одржа конференција на тема „Искуства од програми за обуки на службеници кои спроведуваат тестови за интегритет“ на која учество зеде Помошник министерот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди со уште еден претставник на Одделот. На конференцијата беа опфатени теми како што се правниот статус на преговарачите вклучени во тестирањето на

интегритет, искуства во врска со нивниот избор и обука, како и разликите помеѓу истражителите и преговарачите што спроведуваат тестови за интегритет.

## Проектни активности, работилници, обуки и други форми на стручно оспособување за вработените во Одделот

Проектните активности, работилници, континуирани и специјализирани обуки и други форми на стручно оспособување на сите припадници во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е од особено значење во насока на проширување на знаењето и подобрување на нивните вештини.

Од наведените активности на вработените во Одделот ги издвојуваме следните:

На ден 27.03.2025 година претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваа на работилница спроведена од страна на Полиграф Центар на тема „Современи безбедносни системи за проверка на интегритет на вработени". На работилницата беа презентирани најмодерните светски методологии при спроведување на полиграфско тестирање како алатка за проверка на интегритетот на вработените.

Претставник од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди зема учество на online семинар на тема „Судската соработка во граѓанската и кривичната материја" организиран од Министерството за правда во соработка со Европскиот институт за јавна администрација (EIPA). Целта на семинарот беше јакнење на капацитетот на јавната администрација потребни за процесот за пристапување на земјата во Европската Унија.

Во рамки на проектот „ЕУ поддршка на владеење на правото" – ИПА 2020, претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваа во спроведена обука на тема „Антидискриминација во полициското постапување". Една од главните цели на обуката беше јакнење на капацитетите на полицијата при постапување со жртвите од дискриминација или злоупотреба.

На 06 и 07 ноември 2025 година претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди присуствуваа на работилница на тема „Финансиски истраги и анализи" во организација на ДЦАФ – Женевски Центар за управување со безбедносниот сектор. Оваа работилница се одржа во рамки на проектот „Јакнење на полициската соработка и интегритетот во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија" кој е дел од Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија. На работилницата беа презентирани целите на Националната стратегија за зајакнување на капацитетите за финансиски истраги и конфискација на

имот 2025-2028, клучните столбови, акции и мерки како и временската рамка за имплементација и очекувани резултати од Стратегијата, процесот на стандардизација на процедурите за спроведување на финансиските истраги, предусловите за спроведување на сложени финансиски истраги, начините за добивање финансиски податоци и други докази и анализирањето на банкарски сметки.

Во периодот од 11 до 14 ноември 2025 година во хотел „Метропол Белви" во Охрид одржана е работилница на тема „Етичките дилеми на полицијата и улогата на полициските раководители и изнаоѓање методи за нивно разрешување", во организација на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди со поддршка на Мисијата на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во Скопје. На работилницата учество зедоа претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и раководни полициски службеници од Бирото за јавна безбедност.

Во периодот од 03 до 04 декември 2025 година претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди зедоа учество на Регионалната работилница на тема „Транспарентноста на службите за внатрешна контрола во градење на полицискиот интегритет", која се одржа во Полициската академија на Косово во Вуштри. На работилницата учествуваа и претставници од Албанија и Црна Гора. Целта на работилницата беше размена на практики и искуства за начинот на кој Одделите за внатрешна контрола ја известуваат јавноста за активностите кои ги преземаат согласно своите надлежности.

Во периодот од 09 до 12 декември 2025 година претставник на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди присуствуваше на регионална обука за финансиски анализи и истраги поврзани со криптовалути и „Dark Web", која се одржа во Врњачка Бања во Р.Србија, а на која присуствуваа претставници на Одделите за внатрешна контрола на Министерствата за внатрешни работи на земјите од регионот на Југоисточна Европа.

Во временскиот период од 10 до 12 декември 2025 година претставници на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваа на работилница за подготовка на рамката за оцена на системот за претставки во Министерството, која се одржа во хотел „Unique" во Охрид, во координација и организација на Мисијата ОБСЕ во Македонија. Целта на работилницата беше идентификување на евентуални процедурални недоследности поврзани со поднесување на претставки.

На 17 декември во хотел „Оаза" во Штип и на 18 декември во хотел „Парк" во Скопје беше одржана обука на тема „Ефективни истраги од перспектива на член 3 од Европската конвенција за заштита на човекови права, како и Надворешен механизам на контрола" во рамки на проектот Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот

систем на Северна Македонија – Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција кофинансиран од Европската Унија и Советот на Европа. На обуката присуствуваа вкупно 27 претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и јавен обвинител од ОЈО за ГОКК. На обуката беа презентирани меѓународните стандарди и обврски на државата согласно членот 3 од Европската конвенција за заштита на човековите права, примери за случаи поведени пред Европскиот суд за човекови права против државата во врска со членот 3 од Конвенција. Особено беше истакната важноста за независност и непристрасност при водењето на истрагите поврзани со случаи поврзани прекршување на членот 3 од Конвенцијата, брзината и темелноста на истрагите, важноста за идентификување на сторителите и употреба на сите расположливи механизми за заштита на жртвите.

**Обуки спроведени од страна на Одделот на вработените во Министерството**

Во насока на остварување на својата превентивна улога, а со цел континуирано стручно усовршување и јакнење на интегритетот на вработените, Одделот во изминатата година во организациските единици за управни работи, сообраќајната полиција, гранична полиција и за спроведување на јавни набавки одржа **11** обуки на кои учество земаа **217** вработени на теми поврзани со борба против криминалот и корупцијата, справување со злоупотреба на службената положба и овластувања и законска примена на полициски овластувања. На обуките посебно внимание беше посветено на системот за интегритет во Министерството со посебен осврт на Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи и Законот за заштита на укажувачите.

**Јакнење на институционалната и меѓуинституционална соработката на Одделот со институции задолжени за борба против незаконско и непрофесионално постапување**

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2025 година продолжи со активности за јакнење на соработката со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во Министерството преку спроведување на заеднички акции со цел поефикасна борба против незаконското и непрофесионално постапување на вработените во Министерството.

Соработка со Специјалното одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања во ОЈО ГОКК, останатите јавни обвинителства и судовите се одвива на дневна основа, интензивно, со динамично темпо и интеракциски пристап на споменатите институции преку примена на единствената законска регулатива.

## Јакнење на соработката со Народниот правобранител, граѓаните и невладиниот сектор

Еден од клучните приоритети на Министерството за внатрешни работи, а посебно на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е остварување на континуирана соработката со Народниот правобранител и невладините организации, имајќи ја во предвид нивната основна функција, која се однесува на давање правна помош и заштита на основните права и слободи на граѓаните во случаи кога истите им се загрозени, со посебен акцент на маргинализираните групи.

Постоечките законски решенија нужно водат кон интензивирање на соработката на Одделот со Народниот правобранител, како и со граѓаните и невладиниот сектор.

Во секој аспект од своето работење, Одделот ја продолжи својата активност за одговорно и сеопфатно информирање на Народниот правобранител и невладините организации за своите активности. По сите барања од Народниот правобранител и невладините организации Одделот навремено постапува и доставува соодветни одговори.

По барање од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Одделот доставува периодични табеларни прегледи на Министерството за внатрешна работи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител, групирани по области.

## Имплементација на Антикорупциската програма и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи

Еден од стратешките приоритети во работењето на Министерството за внатрешни работи е сузбивање на корупцијата и коруптивното постапување кај вработените преку јасно дефинирана политика за безкомпромисна борба против корупцијата.

Дизајнирањето на ефективни антикорупциски стратегии во Министерството за внатрешни работи бара препознавање на различните форми преку кои се манифестира корупцијата во полицијата и соодветен антикорупциски пристап.

Во таа насока на почетокот од годината Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во име на Министерството за внатрешни работи изготви Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2025 година, како и Акциски план за имплементација во кој се дефинирани активностите, временската рамка за реализација, носителите на активност и индикаторите на успех.

Имајќи ги предвид современите трендови на полето на сузбивање на корупцијата активностите се насочени кон преземање на превентивни мерки кои ќе се фокусираат на намалување на можностите и создавање на неповолни услови за извршување на коруптивни кривични дела, додека репресивните активности остануваат како корективни мерки и се насочени кон санкционирање на незаконското работење и отстранување на штетните последици.

Одделот континуирано посветува посебно внимание на професионализацијата, департизацијата и деполитизацијата на вработените во Министерството, јакнење на интегритетот на вработените, доследно почитување на етичкиот кодекс на однесување, репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата, а пред се интензивно работење на превенцијата од аспект на отстранување на условите кои овозможуваат корупција.

Водејќи се од потребата за транспарентност на што поголем број на податоци поврзани со конкретни аспекти од работата на Министерството, Одделот на веб страната на Министерството, редовно ги објавува периодичните и годишните извештаи, Антикорупциската програма, Програма за работа на Одделот, Етичкиот кодекс за однесување на вработените во Министерството и останати активности на Одделот.

ПРИЛОГ : Табеларен преглед

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
**м-р Ивица Станковски**

Изработил: главен советник Јулијана Јанаќијева
главен аналитичар Ива Колариќ Николовска
самостоен аналитичар Викториа Атанасоска
самостоен аналитичар Христина Ристеска
Контролирал: началник на одделение Маја Реџепагиќ

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД
на одредени податоци од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди

I.Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди по вид и години:

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривично пријавени лица | Поведување дисциплинска постапка | Укажување | Постапка за надомест на материјална штета | Оддалечување од работно место |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2020г.** | 1409 | 29 | 388 | 185 | 21 | 24 |
| **2021г.** | 1239 | 43 | 307 | 232 | 15 | 39 |
| **2022г.** | 1269 | 29 | 468 | 388 | 56 | 46 |
| **2023г.** | 1235 | 19 | 451 | 151 | 26 | 48 |
| **2024г.** | 1366 | 90 | 673 | 128 | 38 | 69 |
| **2025г.** | **1484** | **169** | **787** | **158** | **20** | **76** |

II. Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила

| | вкупно поднесоци | основани | неосновани | нема докази | делумно основани | во тек |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2020г.** | 65 | 6 | 27 | 30 | 2 | / |
| **2021г.** | 63 | 4 | 19 | 40 | / | / |
| **2022г.** | 53 | 4 | 28 | 20 | / | / |
| **2023г.** | 62 | 6 | 21 | 35 | / | / |
| **2024г.** | 56 | 4 | 16 | 36 | / | / |
| **2025г.** | **57** | **4** | **14** | **38** | **/** | **1** |

III. Поднесоци од Народниот правобранител

| | Вкупно поднесоци | одговорени |
|---|---|---|
| 2020г. | 30 | 30 |
| 2021г. | 43 | 43 |
| 2022г. | 33 | 33 |
| 2023г. | 32 | 32 |
| 2024г. | 33 | 33 |
| 2025г. | 31 | 31 |

IV. Добиени и одговорени поднесоци од невладини организации

| | примени | одговорени |
|---|---|---|
| Хелсиншки комитет за човекови права | 5 | 5 |